ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Група избирачи- Зоран Витановски на листа на кандидати за членови на совет на Општина Македонска Каменица за локални избори 2021.

**Предмет на ревизија:**
Вкупен финансиски извештај со спецификација на трошоците за приходите и расходите во изборна кампања, заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информациите во истите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**
Учесникот во изборната кампања не ги има изготвено и не ги има доставено дел од законски пропишаните извештаи до надлежните институции, трансакциската сметка „за изборна кампања“ не ја затворил во рок од 45 дена од денот на објавување на конечните изборни резултати, ниту извршил бришење на ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган .

**Издадено мислење/заклучок*:** ●

Се воздржуваме од изразување мислење за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**

Овластеното лице на учесникот на изборната кампања да преземе активности за затворање на трансакциската сметка со назнака „за изборна кампања“ кај носител на платниот промет, како и за бришење на ЕДБ на субјектот регистриран пред надлежен орган

**Клучни системски слабости:**
Преиспитување/уредување на регулативата за:
- финансирање на изборите со средствата од Буџетот наменети за редовното работење;
- пропишување на мерливи критериуми за обезбедување и распределба на средствата од Буџетот наменети за платено политичко рекламирање;
- утврдениот краен рок за уплата на донации, односно потребно е да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Одговор на добиени забелешки:**

/

* ● позитивно, ● со резерва, ● неповолно, ● воздржување



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018